МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Внатрешни болести

**ЈЗУ ЗС Железара**

**Општа Болница, Ново Место, Словенија 19 јануари- 12 февруари 2015**

**Гордана Трповска, медицинска сестра**

**Датум на презентација:** ***22*** **февруари 2015**

www.moh.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ

Од 19 јануари 2015 до 12 февруари 2015 год., бев испратена на едукација во Splošna bolnisnica во Ново Место - Словенија.

Ментор ми беше дипломирана сестра Горник Вилма, главна сестра на одделот за болести на бубрезите и крвен притисок при интерното одделение.

Во текот на престојот бев вклучена во секојдневните работни активности на одделот.

- Се запознав и присуствував при изведување на :

  1. Функционална дијагностика : ехокардиографија, холтер ЕКГ, циклоергометрија.

  Активно учествував во поставување на холтер за КП

  2. Во гастроентеролошкиот кабинет, присуствував на прегледи со ултразвук на абдомен, УТ, како и гастроскопија и колоноскопија

  3. Бев упатена во начинот на изведување на стерилизација

4. Одделот за хемодијализа со сета специфика на процесот на хемодијализа и перитонеална дијализа

5. Секојдневно бев вклучена во негата на болните

6. Ми беше покажана и работата во централниот оперативен блок, со посебен акцент врз хигиената на болните и на просторот

Исто така, имав можност да се запознаам со организацијата на работата на интерното одделение, организацијата и грижата за медицинската документација.

За време на престојот, а во склоп на едукацијата, неколку работни дена поминав во Банското лекувалиште Долењске Топлице. Таму присуствував и учествував , во рехабилитација на болните, како составен дел на болничкото лекување.

# ЗАКЛУЧОК

Сметам дека при овој студиски престој успеав да ги збогатам своите досегашни знаења во грижата за болните и да научам нови вештини.

Во прилог доставувам препорака од менторот дипл. м.с. Горник Вилма и потврда од Splošna bolnišnica.